Уп. бр. 08-107

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Словенија и физичкото лице Јадранка Приморац, XXX, Хрватска, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 23.07.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Словенија и физичкото лице Јадранка Приморац, XXX, Хрватска, ќе стекнат заедничка контрола над ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште на улица Кнез Бранимир 71Е, Загреб, Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 02.07.2025 година, а дополнето на 14.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Словенија и физичкото лице Јадранка Приморац, XXX, Загреб, Хрватска со која АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о. и Јадранка Приморац

ќе стекнат заедничка контрола над ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште на улица Кнез Бранимир 71Е, Загреб, Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о.,** е член на АЛФИ СКЛАДИ, најголемата група за управување со алтернативни инвестициски фондови во Словенија, која вклучува шест различни алтернативни фондови со средства под управување во вредност од над 500 милиони евра.

Регистриранатa дејност на АЛПЕ Хелт, друштво за инвестиции д.о.о., се други деловни и менаџерски консултантски активности.

АЛФИ Групата моментално има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со други производи за домаќинството.

**Јадранка Приморац**, Хрватска е единствен содружник во Друштвото КОНЗОРЦИУМ д.о.о. за советување и управување, со регистрирано седиште во Загреб, Трг Џон Фицџералд Кенеди 6Б.

КОНЗОРЦИУМ д.о.о. за советување и управување нема поврзани друштва, подружници или претставништва основани во Македонија и не остварува никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Регистриранатa дејност на **ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување** е дејност на бизнис и менаџмент консултантски активности.

ОРИГО ЗДРАВЉЕ д.о.о. за советување и управување нема подружници, претставништва или филијали во Северна Македонија, ниту остварува било каков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**